***Број: 02 - 24077/2***
***16.02.2010 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од LXVII -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 18.12.2009 со почеток во 13.00 часот*
*во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство - претседател;*
- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ (делумно присутен);*
- *М-р Маја Парнарџиева - Змејкова, директор на ФЗОМ;*
- *Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи (делумно присутен);*
- *Татјана Лукановска, директор на секторот за финансии (делумно присутна);*

- *Јасмина Смилевска, раководител на одделението за склучување на договори со здравствени установи (делумно присутна);*
- *Кристина Христова, раководител на одделението за фармација (делумно присутна);*
- *Марија Гулија, советник на директорот;*
- *Христо Трповски, шеф на одделот за нормативно-правни работи, во својство на записничар.*

*На седницата во врска со точката - Правилник за утврдување на критериуми и постапка за одредување на референтни цени на лекови присуствуваше и Тончи Бубле, експерт од Хрватска кој со стручните служби на Фондот работеше на изготвување на правилникот.*

*Седницата ја отвори претседателот на Управниот одбор Беким Сали. Утврди дека на седницата се присутни шест членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување по што го изложи претходно доставениот*

## ***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од LXIII -та седница на Управниот одбор одржана на 27.10.2009 година;*
- *Усвојување на записникот од LXIV -та седница на Управниот одбор одржана на 04.11.2009 година;*
- *Усвојување на записникот од LXV -та седница на Управниот одбор одржана на 20.11.2009 година;*

1. *Теркови на договори и анекси на договорите со здравствените установи за првиот квартал на 2010 година;*
2. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
3. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко консултативна здравствена заштита;*
4. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита;*
5. *Одлука за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи од превентивната и итната медицинска помош, специјалистичко – консултативната здравствена заштита и болничката здравствена заштита;*
6. *Презентација на ДСГ извештајот за третиот квартал и предлог одлука за утврдување на нови ДСГ цени;*
7. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за утврдување на критериуми и постапка за одредување на референтни цени на лекови;*

8. *Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на јавните здравствени установи за периодот јануари-септември 2009 година;*
9. *Информација за предлог буџетот на ФЗОМ за 2010 година;*
10. *Предлог за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на оддалечени рурални места;*
11. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
12. *Разгледување на барањето на тројца вработени во Фондот за признавање на трошоците за превоз од Тетово каде живеат до Скопје каде работат;*
13. *Барање од здравствената установа Д-р Алачки од Струмица за склучување на договор со Фондот;*
14. *Приговор од здравствената установа Ленче Медика Тетово;*
15. *Приговор од здравствената установа Медикана од с. Теарце - Тетово,*
16. *Барање од ЈЗУ Здравствен дом Тетово;*
17. *Барање од ЈЗУ Клиничка болница Тетово;*
18. *Разно.*

*Потоа праша дали има други предлози за дневниот ред на седницата.*

*Лазар Трајчев укажа дека на дневниот ред треба да се вклучи и точка - Правилник за изменување и дополнување на правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар, кој се наметнува откако Уставниот суд укина одредби од важечкиот правилник.*

*Љубиша Каранфиловски предложи како прва точка на дневниот ред да се разгледа точката 9 од предлог дневниот ред - „Информација за предлог буџетот на ФЗОМ за 2010 година“, како би можеле да знаеме со каков буџет располагаме.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова пак предложи, како прва и втора точка да се разгледаат точката 7 - „Правилник за изменување и дополнување на правилникот за утврдување на критериуми и постапка за одредување на референтни цени на лекови“ и 11- „ Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија“ од прелог дневниот ред. Ова заради присуството на консултантот од Хрватска Тончи Бубле, кој помогна во изработката на правилникот. Укажа и дека овој правилник е сосема нов а не изменување и дополнување на важечкиот, па поради тоа треба да се изврши корекција и во насловот на точката од дневниот ред, така што ќе гласи „Правилник за утврдување на критериуми и постапка за одредување на референтни цени на лекови“.*

*Управниот одбор го прифати предлогот за дополнување на дневниот ред со точката - Правилник за изменување и дополнување на правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар. Исто така го прифати и барањето на директорката Парнарџиева - Змејкова за*

*прецизирање на насловот на точката 7 - „Правилник за изменување и дополнување на правилникот за утврдување на критериуми и постапка за одредување на референтни цени на лекови“ и предлогот за редоследот на разгледување на точките. Потоа, едногласно го усвои следниот*

## ***Д Н Е В Е Н   Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од LXIII -та седница на Управниот одбор одржана на 27.10.2009 година;*
- *Усвојување на записникот од LXIV -та седница на Управниот одбор одржана на 04.11.2009 година;*
- *Усвојување на записникот од LXV -та седница на Управниот одбор одржана на 20.11.2009 година;*

1. *Правилник за утврдување на критериуми и постапка за одредување на референтни цени на лекови;*
2. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
3. *Презентација на ДСГ извештајот за третиот квартал и предлог одлука за утврдување на нови ДСГ цени;*
4. *Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на јавните здравствени установи за периодот јануари-септември 2009 година;*
5. *Информација за предлог буџетот на ФЗОМ за 2010 година;*
6. *Теркови на договори и анекси на договорите со здравствените установи за првиот квартал на 2010 година;*
7. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
8. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар;*
9. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко консултативна здравствена заштита;*
10. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита;*
11. *Одлука за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи од превентивната и итната медицинска помош, специјалистичко – консултативната здравствена заштита и болничката здравствена заштита;*
12. *Предлог за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на оддалечени рурални места;*
13. *Разгледување на барањето на тројца вработени во Фондот за признавање на трошоците за превоз од Тетово каде живеат до Скопје каде работат;*

*14. Барање од здравствената установа Д-р Алачки од Струмица за склучување на договор со Фондот;*
*15. Приговор од здравствената установа Ленче Медика Тетово;*
*16. Приговор од здравствената установа Медикана од с. Теарце - Тетово;*
*17. Приговор од здравствената установа Д-р Сандре Пашовски од Скопје;*
*18. Барање од ЈЗУ Здравствен дом Тетово;*
*19. Барање од ЈЗУ Клиничка болница Тетово;*
*20. Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од LXIII -та седница на Управниот одбор одржана на 27.10.2009 година*

*Љубиша Каранфиловски побара во записникот да се внесе корекција во неговата дискусија по точката 4, на страна 9 од записникот, така што истата да гласи: „Љубиша Каранфиловски наведе дека Фондот е стратешки купувач на здравствени услуги во рамките на буџетот. Освен досегашната применета методологија за утврдување на буџетите на ЈЗУ, за буџетите на јавните здравствени установи би било добро да се направат одредени споредби на здравствени установи со слична големина и сличен буџет од кои едни работат успешно а други создаваат долгови. Одземањето на средства од оние кои добро работат - истото би било дестимулативо за понатамошното нивно добро работење. Се сооочуваме и со последица од извршената приватизацијата на ПЗЗ, кое се однесува за Здравствените домови во смисол на нивното финансирање. По приватизацијата на примарното здравство, Здравствените домови многу малку извршуваат дејност од примарната здравствена заштита. Додаде дека освен двете алтернативи за постапување кои ги наведе директорката можна е и трета, а тоа е корекциите да се извршат при кварталната корекција.“*

*Беким Сали побара во неговите дискусии во врска со точката 7, на две места да се внесе корекција така што погрешно внесените зборови „бањско лекување“ да се заменат со „хемодијализа“.*

*Со овие корекции, Управниот одбор едногласно го усвои записникот од LXIII -та седница на Управниот одбор одржана на 27.10.2009 година.*

- *Усвојување на записникот од LXIV -та седница на Управниот одбор одржана на 04.11.2009 година*

*Љубиша Каранфиловски побара во записникот да се изврши корекција на неговата дискусија во врска со точката 3, така што истата да гласи: „ Љубиша Каранфиловски додаде дека примарната здравствена заштита (матичните лекари), се плаќа по капитација и здравствените домови како здравствени установи од примарната здравствена заштита се соочуваат со проблемот на таквото финансирање па им се определуваат буџети - буџетирање. Факт е дека болниците генерираат најголеми долгови, здравствените домови помалку генерираат долгови, но повлекуваат средства преку буџетирањето со помало фактурирање од средствата дозначени од ФЗОМ, што значи нивното буџетирање е поврзано и треба да е поврзано со*

*нивните трошоци како би можеле да функционираат. Треба да дадеме придонес за утврдување на цврсти критериуми за утврдување на буџетите. Радува што во таа насока има добра соработка помеѓу Фондот и Министерството за здравство.“*

*Со оваа корекција, Управниот одбор едногласно го усвои записникот од LXIV -та седница на Управниот одбор одржана на 04.11.2009 година*

- *Усвојување на записникот од LXV -та седница на Управниот одбор одржана на 20.11.2009 година*

*Управниот одбор едногласно и без забелешки го усвои записникот од LXV -та седница на Управниот одбор одржана на 20.11.2009 година.*

***ТОЧКА 1 -** Правилник за утврдување на критериуми и постапка за одредување на референтни цени на лекови*

*Директорот Јелникар наведе дека текстот на овој правилник е изготвен во соработка со консултант од Хрватска. Целта е на државно ниво да се утврдат цени за лекови. Овој процес ќе трае со месеци и во него ќе учествува и консултантот. Започнавме со нов правилник за утврдување на критериуми и постапка за одредување на референтни цени на лекови. Потоа предложи консултантот од Хрватска, Тончи Бубле да ги изложи новините што ги донесува правилникот.*

*Тончи Бубле на почетокот објасни како е утврдена потребата од нов систем на цени на лекови. Наведе дека биле разгледани цените на сто најпрепишувани лекови од што се утврди дека во Македонија тие се на најниско ниво во споредба со референтните земји. По ова, биле анализирани и цените на лековите кои се наоѓаат на позитивната листа каде се најдени повеќе примери на нелогичности кај цените на исти лекови со различна јачина. Наведе и дека важечкиот правилник има нелогичности и неусогласености со законот, па се наметна потреба од изготвување на нов правилник. Досега немаше правила за реундирањето на средства за нов лек, генерика или паралела. Вакви правила сега се предвидени во членот 11 од предложениот правилник. Новина во постапката за утврдување на референтни цени, е што производителите имаат можност да дадат приговор на утврдената референтна цена, по што Управниот одбор ќе треба повторно да ја разгледа. Со тоа во процесот на подготвување на правилникот ги запознавме производителите и надлежните државни органи. Цените кои ќе ги утврди Управниот одбор, 15 дена ќе бидат на јавна расправа и во тој рок производителите ќе можат на нив да стават забелешки. Сметаме дека како ефект од примената на новиот правилник, ќе постигнеме наместо кај 18,7% од лековите, доплата од осигурените лица да нема кај 45,1% од лековите на позитивната листа. Со новиот правилник ќе се добие едноставен, јасен и транспарентен систем на утврдување на цените, повеќе лекови без доплата и поголем избор на лекови по иста цена.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова укажа и на некои проблеми во областа на утврдувањето на референтните цени на лековите. Прво, Законот за здравственото осигурување утврдува четири земји како референтни.*

*Постојниот правилник е спротивен на законот и воведува и друг начин на пресметка, а уште полошо е што моментните референтни цени се утврдени по комплетно други методологии. Затоа, заедно со Министерството за здравство се договори поедноставување на законот со примена на поопшта формулација. Има дилеми како да постапува додека тоа не се случи со измени на законот што е во владина процедура. Од Министерството имаме поддршка за новиот предлог правилник со цел воспоставување на применливо решение што конечно ќе воведе ред и транспарентност при утврдувањето на цените во Фондот. При изготвувањето на правилникот, имавме комуникација со релевантните и заинтересирани страни, писмено и со средби, па и дел од нивните сугестии се рефлектираат во текстот. Второ што треба да се истакне е дека со Министерството разговаравме и за единствените цени на лековите кои треба да претрпат големи реформи, а тоа е поврзано со измени во законската регулатива и со формирање на Агенција за лекови. Дотогаш, утврдувањето на референтните цени треба да функционира како што е предвидено со овој правилник.*

*Беким Сали, осврнувајќи се на одредбата на член 15 од предложениот правилник во која е уреден составот на комисијата за утврдување на цените, наведе дека би требало да се предвиди во нејзиниот состав да има и претставник од Министерството за здравство.*

*Според директорот Јелникар, предложениот текст остава можност член на комисијата да биде и вработен во Министерството, со што се согласи и Борис Јосифовски.*

*Горан Коевски наведе дека формулацијата на оваа одредба е широка, па ако има потреба одреден профил на членови задолжително да членуваат во комисијата, би требало тоа стриктно да се наведе.*

*Потоа следуваше дискусија во која се постигна согласност за внесување на одредба со која се предвидува еден член на комисијата задолжително да биде од Министерсвото за здравство. По внесувањето на таквата одредба, Управниот одбор едногласно го донесе предложениот*

***Правилник***

***за утврдување на критериуми и постапка за одредување на референтни цени на лекови***

***ТОЧКА 2 -*** *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Кристина Христова објасни дека со предложената одлука се врши проширување на изборот на лекови со тоа што кај десет АТЦ кодови се додаваат нови заштитени имиња. Ова проширување нема да има финансиски импликации.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која кај десет АТЦ кодови се вклучуваат нови заштитени имиња на лекови.*

***ТОЧКА 3 -*** *Презентација на ДСГ извештајот за третиот квартал и предлог одлука за утврдување на нови ДСГ цени*

*По оваа точка објаснување даде Марија Гулија. Накратко потсети на значењето на воведувањето на ДСГ системо на плаќање на здравствените услуги. Негова основна карактеристика е можноста за групирање на здравствените услуги според сродноста, што пак овозможува следење на работењето на здравствените установи. Целиот извештај е направен според податоците од ДСГ груперот. Извештајот покажа дека осигурениците од Скопје сочинуваат 40% од пациентите кои добиваат здравствени услуги според ДСГ системот. Друг податок кој произлезе од анализата за извештајот е дека 126 услуги се најчесто користени. Исто така е дојдено до согледувања за искористеноста на креветите во болниците и клиниките како и за трендот на опаѓање на болестите на респираторниот систем во периодот јули - септември, а пораст на болестите поврзани со породувањето. Врз основа на резултатите од анализите, е направена ревизија на сите цени, при што буџетот за услугите остана ист а само се направи прераспоредување во согласност со укажувањата на анализите. Методологијата за ревизија на цените е: 60% македонски фактури по ДСГ и по 10% во цената влегуваат индексите од Хрватска, Романија, Словенија и Австралија.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова додаде дека ова е само почеток на ДСГ системот и дека анализата е врз основа на статистичка методологија. ДСГ системот треба да овозможи проспектно планирање на услугите. Наведе и дека се доби генерален впечаток дека болниците не вложуваат напори да ја зголемат ефикасноста туку се обидуваат да го изиграат груперот. Фондот врши и ДСГ контроли па се надеваме дека ќе ги пресретне ваквите обиде.*

*По разгледувањето на ДСГ извештајот и дополнителните објаснувања, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на услуги во болничката здравствена заштита за акутни случаи***

*со која се утврдија нови референтни цени на услуги во болничката здравствена заштита за акутни случаи.*

***ТОЧКА 4 -*** *Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на јавните здравствени установи за периодот јануари-септември 2009 година*

*Љубиша Каранфиловски, осврнувајќи се на анализата наведе оти од неа произлегува дека се троши повеќе од приходите. Поради тоа е и тенденцијата на зголемување на обврските. Можеби Фондот треба да излезе со листа на 10*

*најнеуспешни јавни здравствени установи од која би се видело кои установи работат успешно. Во анализата паѓа во очи Општата болница Велес која до септември месец има 17 милиони обврски. Треба да се види кои се причините за тоа.*

*Татјана Лукановска објасни дека во Велес беше упатена контрола заради согледување на причините за ваквата состојба, и во моментов ги чекаме резултатите.*

*Елена Трпковска праша какви се можностите на Фондот да утврди кои се реалните трошоци на здравствените установи, односно кои обврски се оправдани. Праша и дали контролите на Фондот ги контролираат тендерите на здравствените установи со кои се создаваат обврски кон добавувачите.*

*Татјана Лукановска одговори дека се прават и такви контроли но досега фокусот на контролите беше на платите. Отсега ќе се посвети поголемо внимание на набавките.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова додаде дека причината што контролите биле фокусирани на платите е во тоа што тие одземаат голем дел од буџетот.*

*Љубиша Каранфиловски наведе дека треба да се размислува за нови начини на финансирање на јавните здравствени установи и ревизија на трошоците. Факт е дека тие се соочуваат со недостаток на средства но важно е веродостојно да се утврди зошто е тоа така. Инаку, за преголеми издатоци за плати ќе можеме да зборуваме кога ќе имаме усвоени стандарди за вработеност. Сепак, платите не се единствениот проблем.*

*Беким Сали додаде дека во поглед на кадрите во јавните здравствени установи, евидентна е оптовареноста со немедицински кадар.*

*Во врска со укажувањето на Љубиша Каранфиловски за потребата од нови начини на финансирање на јавните здравствени установи, директорката Парнарџиева - Змејкова наведе дека на некоја од наредните седници, на Управниот одбор ќе му биде презентиран нов концепт за здравствените домови насочен кон нивно плаќање според извршените услуги.*

*Потоа, Борис Јосифовски во врска со анализата, наведе оти во неа се забележува постоење на рамнотежа помеѓу приходите и расходите, како во Фондот така и во јавните здравствени установи. Потоа подетално коментираше делови од анализата. Во врска со обврските на јавните здравствени установи прикажани на страна 30, забележа дека тие од 1,3 милијарди пораснале на 1,9 милијарди. Со тоа, тие достигнале висина на една десетина од буџетот на Фондот. Во однос на висината на приходите на Фондот, укажа дека нивно зголемување може да се постигне само со зголемување на стапката на придонесот. Иако бизнис заедницата во земјата секогаш зборува за долгови кон државата, тоа не е точно од причина што долговите за придонеси се долгови кон вработените. Малите придонеси водат кон зголемување на долговите. На крајот истакна дека анализата е добра, но за жал не гледаме дека во врска со утврдените состојби има реакција од Министерството за финансии.*

*Љубиша Каранфиловски по ова праша дали од Министерството за финансии има навестувања за зголемување на буџетот на Фондот.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова одговори дека ние работиме со тој буџет што го имаме. Владата и Министерството за финансии ја согледаа сериозноста на состојбата во здравството и финансиите на Фондот, па очекуваме каква ќе биде нивната реакција. Од Министерството добивме и мислење кое сега ви го поделивме и во кое е изнесено нивното гледање на состојбата.*

*По ова, расправата за точката 4 од дневниот ред беше заклучена и Управниот одбор едногласно ја усвои Анализата за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на јавните здравствени установи за периодот јануари-септември 2009 година и Информацијата за предлог буџетот на ФЗОМ за 2010 година*

***ТОЧКА 5 -** Информација за предлог буџетот на ФЗОМ за 2010 година*

*Информацијата за предлог буџетот на ФЗОМ за 2010 година беше усвоена по расправата за точката 4 од дневниот ред.*

***ТОЧКА 6 -** Теркови на договори и анекси на договорите со здравствените установи за прviот квартал на 2010 година*

*Лазар Трајчев објасни дека со предлог измената на Законот за здравственото осигурување што е во постапка се предвидува договорите со здравствените установи да се склучуваат со важење до месец март во годината по таа во која се склучени. Од таа причина се изготвени презентираните анекси на договорите со кои ќе се изврши продолжување на важноста на договорите. Покрај тоа, предложен е нов договор за плаќање на лабораториски услуги заради укинувањето на правилникот од страна на Уставниот суд заради што на дневниот ред е и изменување и дополнување на правилникот кој го уредува плаќањето на лабораториските услуги. Во врска со анексот на договорот за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените услуги кои вршат обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарната здравствена заштита, наведе дека ќе се користи важечката квота.*

*Борис Јосифовски, осврнувајќи се начлен 2 и член 3 на предложениот анекс праша дали со нив не се врши контрола на потрошувачката на лекови. Ваква контрола односно ограничување на издавањето на лекови во овој договор не е потребна зашто секоја аптека ќе набавува онолку лекови колку што може да издаде. Од друга страна, ограничувањето се прави преку матичните лекари бидејќи колку рецепти се издаваат толку Фондот плаќа.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова одговори дека постои ограничување колку аптеката може да издава од квотата на Фондот но потребно е тоа да стои и во договорот.*

*И останатите членови на Управниот одбор поставуваа прашања во врска со предложените договори и анекси на договори, а претставниците на Фондот даваа објаснувања. На крајот на дискусијата, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на формата и содржината на договорите што Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица***

*со која ги утврди следните договори и анекси на договори: Договор за извршување и плаќање на лабораториски испитувања во специјалистичко консултативна здравствена заштита по упат на избран лекар; Договор за издавање на ортопедски и други помагала; Анекс на Договорот за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените услуги кои вршат обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарната здравствена заштита - без променети квоти; Анекс на Договорот за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените услуги кои вршат обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарната здравствена заштита - со променети квоти од 01.04.2009; Анекс на Договорот за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените услуги кои вршат обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарната здравствена заштита - со променети квоти од 01.07.2009; Анекс на договор за пружање и плаќање здравствени услуги во болничката здравствена заштита; Анекс на договор за извршување и плаќање здравствени услуги во примарната здравствена заштита; Анекс на договор за извршување и плаќање здравствени услуги во примарната здравствена заштита - гинекологија; Анекс на Договор за извршување и плаќање здравствени услуги во примарната стоматолошка здравствена заштита; Анекс на Договор за пружање и плаќање здравствени услуги во специјалистичко-консултативната стоматолошка здравствена заштита; Анекс на договор за пружање и плаќање здравствени услуги во специјалистичко - консултативната заштита.*

***ТОЧКА 7 -*** *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување*

*Објаснување по оваа точка даде Лазар Трајчев. Наведе дека со овој правилник се предлагаат измени заради овозможување на итната помош и на дежурните лекари да издаваат рецепти на лицата на кои има даваат лекарска помош во времето кога се на должност. Без ваквата можност, овие лекари не можат целосно да им ја укажат неопходната помош на пациентите. Предлогот подразбира ограничена листа на лекови кои ќе може да се препишат за време на дежурството и посетата од итната помош, како и ограничено временско важење на рецептите. Можноста дежурните лекари да ги издават овие лекови ќе постои до 1 април. Оваа можност нема да важи по формирањето на ноќни служби. Со правилникот истовремено се предлага, во врска со бараните документи за остварување на правата од здравственото осигурување, да се*

*отстрани барањето изводот од матичната книга на родените да не биде постар од шест месеци.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова дополни дека може во правилникот да се додаде и негово временско ограничување, до 1 април 2010 година.*

*Беким Сали изрази резервираност во однос на предлогот овозможување на итната помош и на дежурните лекари да издаваат рецепти, наведувајќи дека не е убеден дека со него ќе се постигне позитивен ефект.*

*Страшо Наумоски од своја страна го поддржа предлогот и наведе дека ваквото решение треба да се прифати како трајно, а не со важење само до 1 април.*

*Потоа, претседателот го стави предлогот на гласање. За предлогот за изменување и дополнување на правилникот, гласаа Елена Трпковска, Горан Коевски, Страшо Наумоски, Борис Јосифовски и Љубиша Каранфиловски. Беким Сали гласаше против предлогот. На тој начин, Управниот одбор со мнозинство гласови донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување***

***ТОЧКА 8 -*** *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар*

*Лазар Трајчев објасни дека Уставниот суд ја укина одредбата на правилникот со која е утврдено и задолжително склучување на договори меѓу здравствените установи за остварување на правото на лабораториски испитувања на осигурените лица, односно правото здравствената установа на избраниот лекар да склучува договор со здравствената установа која врши лабораториски испитувања и тоа за сите осигурени лица кои го избрале матичниот - избраниот лекар. Поради тоа остана Фондот да плаќа по услуги. Утврдивме дека е најдобро да следиме девет месеци па да видиме кои услуги ги извршиле. Со овој предлог ќе ги поттикнеме лабораториите да дадат повеќе услуги.*

*Беким Сали праша дали би можело лабораториските услуги да се обезбедат по пат на јавна набавка.*

*Лазар Трајчев објасни дека тоа не е можно од причина што начинот на склучувањето на договорите е регулирано со Законот за здравственото осигурување и правилниците.*

*Потоа, ги објасни и предлозите за изменување и дополнување на правилниците за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко консултативна здравствена заштита и за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените*

*установи кои вршат болничка здравствена заштита. Наведе дека кај нив е предложено само менување на критериумите за утврдување на буџетот.*

*Беким Сали во врска со предлозите за изменување и дополнување на овие два правилника, предложи да се симнат од дневниот ред. Ова од причина што земањето само на овие критериуми не е гаранција за добар буџет.*

*Лазар Трајчев пак објасни дека идејата зад овие предлози е Фондот да престане да води сметка за трошоците на здравствените установи, и да стимулира поголем број на здравствени услуги.*

*Беким Сали пак наведе дека според предлогот, не се земаат предвид трошоците од изминатите години, туку само од една. Поради тоа не може да го поддржи предлогот.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова рече дека во првиот квартал на 2010 година не би се пренела директно четвртина од надоместокот што здравствените установи го имале во 2009 година, туку би се извршило ново буџетирање според предложените критериуми. Освен тоа, ќе треба да се утврдат и референтни цени на услугите кои ќе се применуваат од 1 април 2010 година.*

*По ова, претседателот Беким Сали ги стави предлозите на гласање, а Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар***

***ТОЧКА 9 -*** *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко консултативна здравствена заштита*

*По објаснувањето дадено од Лазар Трајчев во рамките на точката 8, предлогот за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко консултативна здравствена заштита беше ставен на гласање.*

*За предлогот за изменување и дополнување на овој правилник, гласаа Елена Трпковска, Горан Коевски, Страшо Наумоски, Борис Јосифовски и Љубиша Каранфиловски. Беким Сали гласаше против предлогот. На тој начин, Управниот одбор со мнозинство гласови донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко консултативна здравствена заштита***

***ТОЧКА 10 -** Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита*

*По објаснувањето дадено од Лазар Трајчев во рамките на точката 8, предлогот за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита беше ставен на гласање.*

*За предлогот за изменување и дополнување на овој правилник, гласаа Елена Трпковска, Горан Коевски, Страшо Наумоски, Борис Јосифовски и Љубиша Каранфиловски. Беким Сали гласаше против предлогот. На тој начин, Управниот одбор со мнозинство гласови донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита***

***ТОЧКА 11 -** Одлука за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи од превентивната и итната медицинска помош, специјалистичко – консултативната здравствена заштита и болничката здравствена заштита*

*По објаснувањето дадено од Лазар Трајчев во рамките на точката 8, предлогот на Одлука за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи од превентивната и итната медицинска помош, специјалистичко – консултативната здравствена заштита и болничката здравствена заштита беше ставен на гласање.*

*За предлогот на одлуката гласаа Елена Трпковска, Горан Коевски, Страшо Наумоски, Борис Јосифовски и Љубиша Каранфиловски. Беким Сали гласаше против предлогот. На тој начин, Управниот одбор со мнозинство гласови донесе*

***Одлука***
***за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи од превентивната и итната медицинска помош, специјалистичко – консултативната здравствена заштита и болничката здравствена заштита***

***ТОЧКА 12 -** Предлог за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на оддалечени рурални места*

*Беким Сали го изнесе предлогот за изменување и дополнување на одлуката од Министерството за здравство кој предвидува проширување на листата на рурални места со 17 населени места.*

*Потоа, Јасмина Смилевска како член на комисијата за утврдување на критериуми за прогласување на оддалечени рурални места извести дека неодамна се пристигнати податоците потребни за работењето на комисијата кои требаше да бидат доставени од Министерството за здравство и Министерството за локална самоуправа. Тие допрва треба да се обработат, па комисијата да продолжи со работа на утврдување на критериумите.*

*Беким Сали наведе дека комисијата не може ефикасно да ја заврши работата заради која е формирана најверојатно зашто нема претседател кој би внесол иницијативност во нејзината работа. Поради овој застој, не може да се одговори на потребите на теренот.*

*Страшо Наумоски укажа дека меѓу местата предложени од Министерството има места кои не се воопшто оддалечени и изолирани и кои нема логика да бидат вклучени меѓу оддалечените рурални места. Можно е меѓу предложените да има и други такви кои не му се познати. Проширувањето ќе има и финансиски импликации. Освен тоа, ако се внесуваат несоодветни места во листата, нема да се постигне ефектот заради кој постои оваа одлука, односно многу малку осигурени лица ќе го променат избраниот лекар за да се прикрепат кон лекарот кој ќе работи во оддалеченото рурално место. На тој начин, Фондот ќе има издатоци за привилегирано плаќање на лекари кои ќе имаат многу малку пациенти. Заради сето тоа, неопходно е најнапред да се утврдат критериумите.*

*И Елена Трпковска укажа дека проблемот е во тоа што Управниот одбор во моментов нема никакви критериуми на кои би се потпрел при утврдувањето на оддалечените рурални места.*

*На крајот на расправата, Управниот одбор одлучи оваа точка да се симне од дневниот ред.*

***ТОЧКА 13 -** Разгледување на барањето на тројца вработени во Фондот за признавање на трошоците за превоз од Тетово каде живеат до Скопје каде работат*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова објасни дека се работи за барање од тројца вработени од кој едниот е прераспореден од Подрачната служба Тетово а останатите двајца се вработени во Фондот. Се обидовме да искористиме искуство од други институции за кои имаме сознание дека на вакви барања одговориле позитивно со одлука на Управниот одбор, но до денес не успеавме да ги обезбедиме од барателите посочените одлуки.*

*Елена Трпковска укажа дека ова барање не е во надлежност на Управниот одбор. Категоријата надоместок на трошоците за превоз до работното место веќе не постои по воведувањето на бруто платата. Во тој контекст и Уставниот суд укина одлука на Владата врз основа на која на работниците кои живеат блиску до работното место не им се исплатуваше дел од платата што порано го добивале како надоместок на патните трошоци. Посочи дека Министерството за образование исплаќа надоместок на лицата кои даваат настава во оддалечени места, но тоа е специфична дејност и тоа решение не би можело да се примени во овој случај.*

*По оваа дискусија, Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:** Фондот како работодавач да ја проучи регулативата за оваа област и соодветно на неа да постапи по барањето на тројцата вработени.*

***ТОЧКА 14 -** Барање од здравствената установа „Д-р Алачки од Струмица за склучување на договор со Фондот*

*Јасмина Смилевска објасни дека оваа здравствена установа е регистрирана за општа медицина и посебно за специјалистичка. За општата имаат договор со Фондот. Лекарот работи во оваа ординација. Специјалистичката ординација е од областа на трудовата медицина а за таа област Фондот не склучува договори. Ако лекарот работи во областа на трудовата медицина, не ќе може да работи и во општата ординација.*

*Горан Коевски укажа оти во барањето, здравствената установа наведува дека тоа е можно, а Јасмина Смилевска одговори дека тоа порано било можно но не и според важечките прописи.*

*На укажувањето на Беким Сали дека и специјалистичките ординации спаѓаат во примарното здравство за кое Фондот склучува договори, Јасмина Смилевска одговори дека во примарното спаѓаат само специјалистичките ординации од областа на педијатријата и на гинекологијата.*

*По ова, Управниот одбор едногласно одлучи да го одбие барањето на здравствената установа Д-р Алачки од Струмица.*

***ТОЧКА 15 -** Приговор од здравствената установа Ленче Медика Тетово*

*Во врска со овој приговор, Јасмина Смилевска наведе дека контролата на Фондот во просториите на установата затекнала како работи докторка која не е во договорот со Фондот и користи факсимил од друга докторка која е регистрирана и е во договорот. Затоа, согласно договорот е казнета здравствената установа.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно одлучи да го одбие приговорот на здравствената установа Ленче Медика од Тетово.*

***ТОЧКА 16 -** Приговор од здравствената установа Медикана од с. Теарце - Тетово*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова наведе дека е направена проверка на наводите на здравствената установа од приговорот и е утврдено дека тие се невистинити, односно подрачната служба постапила правилно.*

*Беким Сали наведе дека поради казната, пациентите кои избрале лекар во оваа установа ќе бидат одјавени а лекарот ќе се вработи во друга установа. Поради тоа пациентите - осигурениците ќе имаат непријатности. Праша дали прописите дозволуваат комисијата имајќи го предвид овој аспект, да одлучи поинаку. Или да се замени казната со парична.*

*Јасмина Смилевска одговори дека комисијата веќе се произнела во врска со ова па затоа приговорот е упатен до Управниот одбор.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова пак наведе дека договорните казни за одделните прекршувања на договорот се стриктно утврдени во него па не е можна нивна замена.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно одлучи да го одбие приговорот на здравствената установа Медикана од с. Теарце - Тетово.*

***ТОЧКА 17 -*** *Приговор од здравствената установа Д-р Сандре Пашоски од Скопје*

*Во врска со ова барање, Јасмина Смилевска наведе дека ординацијата во која работат лекари татко и ќерка има склучено договор за услуги од специјалистичко - консулатитвната здравствена заштита. Односно, установата Д-р Сандре Пашоски имала склучено генерален авторски договор за хируршки консултативни прегледи со лекарот Сандре Пашоски за периодот од 4 мај до 31 декември 2009 година. Лекарот од здравствената установа, согласно прописите, со согласност на директорот на здравствената установа може да дава услуги и во друга здравствена установа, но на исто ниво на здравствена заштита.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно одлучи да го одбие приговорот на здравствената установа Д-р Сандре Пашоски од Скопје.*

***ТОЧКА 18 -*** *Барање од ЈЗУ Здравствен дом Тетово*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова објасни дека барањето од Здравствениот дом Тетово е неоправдано. Оваа здравствена установа бара пренесување на средства од Стоматолошката поликлиника која е во склопот на Државниот универзитет во Тетово поради неспроведената трансформација. Здравствениот дом Тетово има искористено само 27% од сопствениот буџет, а освен тоа, доколку дојде до трансформација на Поликлиниката на Државниот универзитет, средствата за стоматолошки услуги кои се вклучени во буџетот на Здравствениот дом автоматски ќе бидат пренасочени во Поликлиниката.*

*Управниот одбор едногласно го прифати објаснувањето и го одби барањето на ЈЗУ Здравствен дом Тетово.*

***ТОЧКА 19 -*** *Барање од ЈЗУ Клиничка болница Тетово*

*Во врска со ова барање, директорката Парнарџиева - Змејкова објасни дека од Клиничката болница се бараат средства за адаптација и реконструкција на зградите заради создавање на услови за нормално работење. Фондот пак како купувач на услуги за своите осигурени лица не покрива трошоци за вакви зафати, а надлежностите што ги имаше во областа на инвестициите во јавните здравствени установи, од 2009 година се пренесени на Министерството за здравство.*

*Управниот одбор едногласно го прифати и ова објаснување и го одби барањето на ЈЗУ Клиничка болница Тетово.*

*Под точката разно немаше предлози за разгледување, па по разгледувањето на оваа точката 19 на дневниот ред, во 18.15 часот Управниот одбор заврши со работата на LXVII -та седница.*

| | |
|---|---|
| ***Записничар,*** | ***Управен одбор*** |
| ***Христо Трповски*** | ***Претседател,*** |
| | ***Елена Трпковска*** |